# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2018

## УНИВЕРЗИТЕТ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ШТИП



# ПОРАКА ОД РЕКТОРОТ

Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип е образовно-научна установа од сегментот на високото образование во Република Северна Македонија, која во рамките на својата матична дејност, самостојно и/или во соработка со универзитети/партнери изведува основни академски студии од прв циклус, специјалистички, професионални и истражувачки студии од втор циклус, како и докторски студии од трет циклус, програми на доживотно учење и програми за стручно усовршување и оспособување.

Универзитетот во соработка со други образовни и истражувачки организации и установи, спроведува основни и применети истражувања и истражувања кои се во функција на развојот на образовната дејност, врши огромен број на применети дејности (апликативни) во насока на трансфер на технологии, знаење и услуги кон поголем број на стопански субјекти како и субјекти од општествениот живот како во Република Северна Македонија така и надвор од неа.

**Универзитетот во 2018, а и во наредниот период за својот развој ќе се раководи врз основа на следниве темелни принципи како основа за своја трајна определба:**

- Универзитетот е автономна институција, во средиштето на општеството каде врз основа на своите научни истражувања и подучувања, ја формира, ја проценува, ја испитува и ја пренесува културата. За да ги задоволи потребите на опкружувањето околу себе, универзитетското научно истражување и наставната работа мораат да бидат морално и интелектуално независни од сите политички авторитети и економски моќници.
- Наставната работа и научното истражување на универзитетот мораат да бидат нераздвојни ако се има предвид фактот дека наставата не треба да заостанува зад потребите кои се менуваат, потребите на општеството за напредок и научно знаење.
- Слободата на научното истражување и наставата е основен принцип на универзитетскиот живот.
- Универзитетот е чувар на европските хуманистички вредности и наследник на културните и образовните традиции на нашиот народ, негова постојана грижа е постигнување на универзално знаење.
- Правото на образование е основно човеково право при што високото образование има значајна улога во потрагата по знаење и негово унапредување и тоа претставува исклучително културно и научно богатство за поединецот и за општеството.
- Универзитетското образование треба да има темелна улога во промоцијата на мирот, взаемното разбирање и толеранцијата помеѓу народите.
- Разноликоста во универзитетското образование и образовните системи во Европа ја одразуваат нејзината култура, општествената, политичката. филозофската, верската и економската разноликост, како една исклучителна предност што треба да се почитува.
- Признавањето на образовните квалификации кои се стекнати во различни образовни системи се основите на традициите на европското образование и принципи.



# МИСИЈА

**ОПШТЕСТВЕНАТА МИСИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ Е ФОКУСИРАНА НА ОБРАЗОВАНИЕТО НА ИДНИТЕ СТУДЕНТИ И ЛИДЕРИ КОИ ЌЕ БИДАТ СПОСОБНИ ДА КРЕИРААТ ОДРЖЛИВА ОПШТЕСТВЕНА, ЕКОНОМСКА И ТЕХНОЛОШКА СТРАТЕГИЈА НА ДРЖАВАТА**
ПРИТОА ЦЕНЕЈЌИ ГИ ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ КОИ ЌЕ ЈА КВАЛИФИКУВААТ МЛАДАТА АКАДЕМСКА ГЕНЕРАЦИЈА ДА МОЖЕ ДА СЕ СООЧИ СО СВОИТЕ ГРАЃАНСКИ И ЕКОНОМСКИ ПРЕДИЗВИЦИ НА ИДНИНАТА.

# ВИЗИЈА

**НА УНИВЕРЗИТЕТОТ Е ДА СОЗДАДЕ ИНСТИТУЦИЈА КОЈА ЌЕ БИДЕ ПРЕПОЗНАТЛИВА ПО НАЈВИСОКИТЕ ЧОВЕКОВИ ВРЕДНОСТИ: ЗНАЕЊЕ, УМЕЕЊЕ, ВИСТИНА И ЧЕСТ.**

ДА СОЗДАДЕ ИНСТИТУЦИЈА КОЈА ПРОИЗВЕДУВА ВИСОКОПРОФЕСИОНАЛЕН И КВАЛИТЕТЕН КАДАР, ПОДГОТВЕН ДА ГО АПЛИЦИРА СВОЕТО ЗНАЕЊЕ ВО СИТЕ СФЕРИ НА ОПШТЕСТВЕНОТО ЖИВЕЕЊЕ, ПОДДРЖУВАЈЌИ ГО НА ТОЈ НАЧИН НАЦИОНАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И РАЗВОЈОТ НА ДРЖАВАТА ВООПШТО

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ ТЕЛА

## УНИВЕРЗИТЕТСКИ СЕНАТ

Е ОРГАН НА УПРАВУВАЊЕ И СТРУЧЕН ОРГАН КОЈ ГО СОЧИНУВААТ ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ЕДИНИЦИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ, ПРИДРУЖНИТЕ ЧЛЕНКИ И ОД УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ ПАРЛАМЕНТ.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СЕНАТОТ Е ПРОФ. Д-Р ВЕРИЦА ИЛИЕВА

## РЕКТОРСКАТА УПРАВА

ЈА СОЧИНУВААТ РЕКТОРОТ, ПРОРЕКТОРИТЕ, ДЕКАНИТЕ НА ЕДИНИЦИТЕ НАУНИВЕРЗИТЕТОТ И ЕДЕН ПРЕТСТАВНИК НА СТУДЕНТИТЕ ИЗБРАН ОД СТУДЕНТСКОТО СОБРАНИЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ.
СО РЕКТОРСКАТА УПРАВА РАКОВОДИ РЕКТОРОТ.

## СТУДЕНТСКИ ПАРЛАМЕНТ

ГО СОЧИНУВААТ ПРЕТСТАВНИЦИ НА СТУДЕНТИТЕ, КОИ ГИ ПРЕТСТАВУВААТ НИВНИТЕ ИНТЕРЕСИ, БАРАЊА И ПРЕДЛОЗИ.
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СТУДЕНТСКИОТ ПАРЛАМЕНТ Е СТУДЕНТ ИВАН КРСТЕВСКИ

## РЕКТОР

Е РАКОВОДЕН ОРГАН НА УНИВЕРЗИТЕТОТ. РЕКТОРОТ ГО ПРЕТСТАВУВА И ГО ЗАСТАПУВА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО ЗЕМЈАВА И ВО СТРАНСТВО, ЈА ВОДИ МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ И ИНИЦИРА СОРАБОТКА СО ДРУГИ УНИВЕРЗИТЕТИ ВО ЗЕМЈАВА И ВО СТРАНСТВО.
РЕКТОР НА УНИВЕРЗИТЕТОТ Е ПРОФ. Д-Р БЛАЖО БОЕВ

## КАБИНЕТ ЗА ПРОРЕКТОРИ

ГО СОЧИНУВААТ:
ПРОФ. Д-Р КИРИЛ БАРБАРЕЕВ, ПРОРЕКТОР ЗА НАСТАВА И
ПРОФ. Д-Р ДЕЈАН МИРАКОВСКИ, ПРОРЕКТОР ЗА РАЗВОЈ, ИНВЕСТИЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ
И РЕФЕРЕНТ НА КАБИНЕТ НА ПРОРЕКТОРИТЕ.

## ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР

ЈА ОРГАНИЗИРА, КООРДИНИРА И КОНТРОЛИРА ЦЕЛОКУПНАТА РАБОТА ВО СЕКРЕТАРИЈАТОТ И СЛУЖБАТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ И Е ОДГОВОРЕН ЗА КВАЛИТЕТНО, НАВРЕМЕНО И СТРУЧНО ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ ВО НИВ.
ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР Е М-Р РИСТО КОСТУРАНОВ

## ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА УНИ ДЕЛЧЕВ” - ШТИП



# ОРГАНОГРАМ



ИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ
Ректорска Управа
Кабинет на проректор за развој, инвестиции и одржување
Кабинет на проректор за наука
Кабинет на проректор за настава
Кабинет на проректор за меѓународна соработка
Сектор за финансиско, сметководствено и материјално работење
Одделение за финансиско и сметководствено работење
Одделение за материјално работење
Одделение за инвестиции и развој
Одделение за јавни набавки
Одделение за наука
Одделение за магистерски и докторски студии
Одделение за настава
Одделение за библиотечно работење
Одделение за студентска архива
Одделение за доживотно учење
Одделение за е-учење
Одделение за меѓународна соработка
Одделение за ЕКТС

# СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИ

За потребите на образованието и научно-истражувачката работа се ангажирани кадри кои имаат научен дигнитет чиј што коефициент на компетитивност кореспондира со нивното знаење, способноста и спремноста да го прифатат ризикот и одговорноста за својот живот и за обновата на својата локална и глобална заедница, трансформирајќи ја во општество на знаење и општество на учење.






# СТУДИИ

Образованието на студентите се одвива со примена на современи стандарди во системот на оценувањето, организацијата на студиите, дидактичките методи и со наставни планови и програми кои се засновани на најдобрите искуства и традиции на европските универзитети како и со реформските принципи кои се иницирани со Болоњскиот процес на преструктурирање на европскиот систем на високо образование.

Студиските програми на Универзитетот се насочени кон стекнувања на знаења со кои студентите ќе се квалификуваат за работи кои се дел од високо технолошкото опкружувања за кое се бара разбирање на процеси и изградени способности за управување со системи кои поседуваат "мета" интелегеницијa, но исто така и иницијативност, претприемнички способности, способности за психолошка евалуација на соработниците, работа во работни групи и тимови, способност за донесување на одлуки во недостиг на време, способност за понатамошно доживотно образование, способност за одбирање на релевантните информации во околина од огромен број на информации и информациско загадување, способност за процесирање на истовремено повеќе работи и способност за креативна интеграција на знаењето со праксата.

На Универзитет Гоце Делчев – Штип во 2018 година студентите студираа на **106** студиски програми од прв циклус, **89** од втор циклус и на **12** студиски програми од трет цикус.

**106** ПРВ ЦИКЛУС

**89** ВТОР ЦИКЛУС

**12** ТРЕТ ЦИКЛУС

# ПРВ ЦИКЛУС




**Вкупен број на запишани студенти на прв циклус по години за 2013-2018 ***

*Вкупниот број се однесува на запишани студенти и префлувања за соодветната година




**Број на запишани студенти на прв циклус по факултети со удел во вкупно запишани во 2018***

*Вкупниот број се однесува на запишани студенти и префлувања за соодветната година

# ПРВ ЦИКЛУС




**Вкупен број на дипломирани студенти на прв циклус по години за 2013-2018**




**Број на активни и неактивни студенти на прв циклус за 2013-2018***

*Активни = вкупно запишани и останати активни. Неактивни = времено неактивни, во мирување и испишани. Период 1.8.20XX - 31.7.20XX+1

** Со пресек од на ден 07.10.2019 кога сеуште е во процес запишувањето на студентите.




**Ситуација со број на запишани студенти по семестар на ден 08.10.2019**

# ВТОР ЦИКЛУС




Број на запишани и завршени студенти на втор циклус по години за 2013-2018




Број на запишани студенти на втор циклус во 2018 по факултети

# ТРЕТ ЦИКЛУС




**Број на запишани студенти на трет циклус по години за 2013-2018**




**Запишани студенти на трет циклус по кампуси за 2013-2018 во проценти**

# ПРОЕКТИ

**30**

## ПОВЕЌЕ ОД 30 НОВИ ПРОЕКТИ ЗАПОЧНАА ВО 2018 ГОДИНА, ПОДДРЖАНИ ОД НАЈРАЗЛИЧНИ ФОНДОВИ.




**Проекти од фондот за научно-истражувачка работа на Универзитетот**




**Приходи од апликативни проекти за период од 2013-2018 во денари**

# ИСТРАЖУВАЊА

Унверзитетот создава атмосфера за истражување во која неговиот кадар може да се докажува преку истражувачки студии и проекти во доменот на науката, природните науки, технологијата, општествените науки, медицината и уметноста. Врвните достигнувања се споделуваат со други универзитети, научни и истражувачки институции и индустрискиот сектор, со што се придонесува во развојот на државата и зголемување на глобалните знаења.

41

ТРУДОВИ ВО МЕЃУНАРОДНИ СПИСАНИЈА СО ФАКТОР НА ФЛИЈАНИЕ

673

НОВИ ТРУДОВИ ОБЈАВЕНИ ВО ЖУРНАЛИ И СПИСАНИЈА

421

НОВИ ТРУДОВИ ДЕЛ ОД КОНФЕРЕНЦИИ И НАУЧНИ СОБИРИ

44

ИЗЛОЖБИ

# ФИНАНСИИ

Структурата на буџетот е релативно стабилна и најголемиот извор на финансирање на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип во 2018 година, е финансирањето од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија. Вториот по големина извор на средства отпаѓа на уплатите од студентите, кои се намалени во последната година.




Приходи 2018 и 2019,
сметка на прв циклус на студии 788-18,
период 01.01 - 04.10.2018 и 2019




Трошоци 2018 и 2019,
сметка на прв циклус на студии 788-18,
период 01.01 - 04.10.2018 и 2019




Вкупни вредности за сите сметки од
сопствен приход за 2018 и 2019,
период 01.01 - 04.10.2018 и 2019




Вкупни вредности за сите сметки од
сопствен приход за 2018 и 2019,
период 01.01 - 04.10.2018 и 2019

# РАНГИРАЊЕ

2

## ВТОРО РАНГИРАН НА ВЕБОМЕТРИКС ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, 3399 ВО СВЕТСКИ РАМКИ.

Критериуми: присутност на интернет (големина на web простор, зафатеност на веб од страна на институцијата и слично), влијание (надворешни мрежи и контакти, колку други институции ја поврзуваат институцијата во нивни линкови и контакти), отвореност (број на цитати од топ автори) и научност (број на научни трудови во топ 10% цитирани автори од 26 научни дисциплини)

ВЕБОМЕТРИКС ГИ РАНГИРА УНИВЕРЗИТЕТИТЕ И СПРЕД ТОА КОЛКУ СЕ ЦИТИРАНИ АВТОРИТЕ ОД УНИВЕРЗИТЕТИТЕ ПРЕКУ GOOGLE SCHOLAR.

## УНИВЕРЗИТЕТОТ Е ВТОРО РАНГИРАН ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, 2331 ПОЗИЦИЈА ВО СВЕТСКИ РАМКИ.

2

2

## ЛИСТА НА НАЈДОБРО РАНГИРАНИ УНИВЕРЗИТЕТИ ВО СВЕТОТ ОД СТРАНА НА ЏИАО ТОНГ УНИВЕРЗИТЕТОТ ГО РАНГИРА УНИВЕРЗИТЕТОТ НА ВТОРОТО МЕСТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Рангирањето на македонските институции за високо образование е нарачано од Министерството за образование на Република Северна Македонија и се прави од 2011-2012. Последното рангирање е објавено на 1 март 2017 година. Деветнаесет квалификувани високообразовни институции се вклучени во рангирањето.
За рангирање се користени 21 индикатор за академски перформанси и конкурентност, опфаќајќи ги основните мисии на високообразовните институции како што се настава, истражување и социјална служба.

# ЕРАЗМУС




55 СТРАНСКИ СТУДЕНТИ ГО ИЗБРАА УГД ЗА СТУДИРАЊЕ ПРЕКУ ЕРАЗМУС ПРОГРАМАТА ВО 2018

**19** СТУДЕНТИ БИЛЕ НА ПРАКСА ВО КОМПАНИИ ПРЕКУ ЕРАЗМУС ПРОГРАМАТА

НАШИ СТУДЕНТИ БИЛЕ НА ЕРАЗМУС РАЗМЕНА **54**

**52** НОВИ ЕРАЗМУС ДОГОВОРИ СО УНИВЕРЗИТЕТИ НИЗ ЕВРОПА

ЗА 2019/2010 ГОДИНА 53 СТДЕНТИ ЌЕ СТУДИРААТ ПРЕКУ ЕРАЗМУС ПРОГРАМАТА, А 20 ЌЕ МОЖЕ ДА ОБАВАТ ПРАКСА ВО КОМПАНИИ НИЗ ЕВРОПА

15 МЕСТА СЕ ПРЕДВИДЕНИ ЗА МОБИЛНОСТИ НА НАСТАВЕН КАДАР И 10 МЕСТА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

# ФУЛБРАЈТ

УНУВЕРЗИТЕТ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ СЕКОЈА ГОДИНА Е ДЕЛ ОД НАЈПОПУЛАРНАТА ОБРАЗОВНА ПРОГРАМА **ФУЛБРАЈТ**. КАКО ДЕЛ ОД ФУЛБРАЈТ ПРОГРАМАТА НА НАШИОТ УНИВЕРЗИТЕТ БЕА АНГАЖИРАНИ:

- **KEVIN MORRIS** СО АНГАЖМАН НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ (2017/18)
- **KELLY DAUGHTRIDGE** СО АНГАЖМАН НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ (2018/19)
- **ZVONIMIR TOT**, FULBRIGHT SENIOR SPECIALIST БЕШЕ АНГАЖИРАН НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ВО 2019 ГОДИНА
- **DOUGLAS FRITZ** ЌЕ БИДЕ АНГАЖИРАН НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ (2019/20)







FULBRIGHT

# СПОРТ



Повеќе од 1300 студенти и професори биле вклучени во активности кои биле организирани од страна на универзитетскиот спортски центар на Универзитет Гоце Делчев во 2018

Над **350** студенти од сите факултети на УГД биле вклучени во спортски активности на Универзитетските лиги на УГД (одбојка, баскет, пинг – понг, ракомет).

**UGD Sport event** (Еразмус + проект **TeachIn Sport**) пријателски натпревари во футсал, ракомет, карате, пинг–понг против екипи од Битолски Универзитет и Софиски Универзитет и настап на мажоретен состав.

Учество на меѓународен турнир во одбојка на плажа учесници од **8** различни земји, во Камчија – Варна, Р. Бугарија.



ОСВОЕНИ МНОГУ МЕДАЛИ



# АЛУМНИ

Направена база на податоци со сите завршени студенти од прв циклус.

**11** Објавени 11 билтени на Алумни клубот каде што се објавуваат прилози и интервјуа, огласи за стипендии за студии, практична работа и вработување за Универзитетот.

Универзитетот е сé поприсутен на **Facebook** и **LinkedIn** преку профил на Алумни клубот.



# 1 АКАДЕМИК

## ВО 2018 УНИВЕРЗИТЕТОТ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ГО ДОБИ СВОЈОТ ПРВ АКАДЕМИК



Професор Блажо Боев, еден од најафирмираните македонски научници со меѓународно признати релевантни истражувачки резултати и универзитетски професор со силна мотивација за иновирање на наставниот процес, активен член на академската заедница во Република Македонија беше избран за дописен член на XIX Изборно собрание на Македонската академија на науките и уметностите




УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"

# АКТИВНОСТИ 2018

## 01

### Пол Едвардс
Заменик амбасадорот на Обединетото Кралство во посета на УГД

### Чепреганов и Костовска
Промоција на книга „Од агресија до љубов"





## 02

### Математичко моделирање на Електротехнички факултет
Прва недела за математичко моделирање на УГД

### First Lego League
Факултетот за информатика со поддршка за тим од средношколци и основци за настап на меѓународен натпревар во Словенија.




## 03

### Месец на УГД
Одбележувањето на патронатот на УГД на 27 март. Активности за денот на основањето: Отворен Еразмус+ ден, музички настапи, спортски активности, Хакатрон на тема Здравство и медицина, Ораторска вечер.

### Факултетот за медицински науки
Бесплатни офталмолошки прегледи за сите вработени и студенти на УГД

### Промовирани доктори на науки и Каталог на изданија

### Отворен ден на техничките факултети при УГД
Машински, Технолошко-технички и Електротехнички факултет ги отворија вратите за средношколците кои сакаат да се запишат на овие факултети

### Проф. Тодор Кралев донираше 200 книги на УГД
донирани книги, стручни и научни трудови и други лични изданија

## 04

### Не е шега: дискриминација и цензура
Промоција на публикација на студентски трудови на Правниот факултет во соработка со Ликовната академија

### Фестивалот на танц во Штип
Танц фест од програмата „Шер" донесе сто млади уметници и танчери од цела Европа во Штип

### Г. Петревски, Д. Лазаров, О. Костовска
Промовирана книгата „Патеките на транзицијата: Емпириска анализа на македонската и бугарската економија"

### Говор на омраза и медиуми
Центарот за интеркултурен дијалог и Мисијата на ОБСЕ во Скопје организираа конференција за говор на омраза и медиумите на Правен факултет

### Проф. Марк Клос
од Универзитетот во Лиеж – Белгија одржа предавање на тема „Улогата на наставникот во креирање на активни и здрави училишта"

### 700 лица од образовните институции
поминаа буката одганизирана од Факултетот за образовни науки и издавачката куќа „Просветно дело

### ФИЛКО – филологија, култура, образование
Филолошкиот факултат на УГД и Филолошкиот факултет на Воронежкиот државен универзитет од Русија, по третпат организираа меѓународната научна конференција





## 05

### Државен натпревар по ораторство
Студентката на Правен факултет Елена Орцева го освои првото место

### 9 мај
Правен факултет го одбележа Денот на Европа

### Горјан Петревски
Факултетот за образовни науки организираше средба со писателот Горјан Петревски

# АКТИВНОСТИ 2018

## 06

### Средношколски медиумски камп
Високата школа за новинарство и односи со јавноста, во партнерство со УГД и дневниот весник „Нова Македонија" организира Средношколски медиумски камп во Штип

### Меѓународен гастро-туристички фестивал
Студенти од ФТБЛ освоија медали на Петтиот меѓународен гастро-туристички фестивал, во организација на Здружението на угостителски и туристички работници во Ниш

### Спортски форум
Преставници на УГД беа дел од форумот организиран од Одделението за спорт при Софискиот универзитет Св. Климент Охридски







## 07

### Инженерски прстен
Добитник на Инженерски прстен за 2018та година е и студентот  Павел Илоски од Факултетот за природни и технички науки на УГД

## 08

### Универзитетски турнир во одбојка на плажа
Студенти и спортисти од УГД учествуваа на 11. Меѓународен универзитетски турнир во одбојка на плажа во Варна, Р. Бугарија.

## 09

### Општествените промени во глобалниот свет
Правниот факултет на УГД по петти пат ја одржа Меѓународната научна конференција Општествените промени во глобалниот свет

### Magna Charta Universitatum
во Саламанка, Шпанија беше потпишан документот Magna Charta Universitatum, со што УГД се вброи како еден од потписниците на овој значаен светски документ.

### Летна школа за дентална медицина
Организирана првата летна школа по дентална медицина, во коорганизација на Факултетот за медицински науки и Студентскиот парламент при УГД





10

## Интеркултурна вечер
40 студенти од европски универзитети кои престојуваа на УГД организираа интеркултурна вечер

11

## Признание 8 Ноември
проф. Биљана Балабанова од Земјоделскиот факултет на УГД го доби признанието, кое се доделува на личности кои во својата работа дале придонес за афирмирање на градот Штип

## УГД студент
го освои првото место во одбојка на меѓународен турнир за млади

## 70 години учителска школа Гоце Делчев
Објавена монографија со истражувања и проекти спроведени од учесниците во првата учителска школа во Штип

## Основи на креативната фотографија
Истакнатиот македонски фотограф Владимир Јовановски одржа предавање








12

## Македонија и ЕУ
Доц. д-р Ана Никодиновска-Крстевска на Универзитетот во Неапол Ориентале предаваше за Македонија и ЕУ

## Симулирано судење
Правниот факултет при УГД ги одржа „Деновите на симулирано судење" со тимови од студенти од пет правни факултети од државата. Победи тимот на УГД.

## Unicorns/magic world
Скопје танцов театар во соработка со УГД одржа современа танцова претстава

## Лажните вести и корупцијата
УГД ТВ во соработка со истражувачката мрежа Скуп Македонија одржаа дебата на тема Нови и етаблирани медиуми за борба против лажните вести и корупцијата





